МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Број:11- 269/4
Датум: 04.07.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на атмосферска и фекална канализација за објект на ул.“Дрезденска“ бр.40, Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 04.07.2022 година изврши повторен увид на лице место на ул.“ Дрезденска “ бр.40 по барање на барател Никола Лазаров со седиште на ул.“Никола Тесла” бр.22 за изведба на приклучок за атмосферска и фекална канализација .

Постапувајќи по Вашето барање, од извршениот повторен увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.30409 од 16.09.2021 година за фекален приклучок и решение бр.30410 од 16.09.2021година за атмосферски приклучок, издадени од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето на фекалната канализација треба да се изврши на улична фекална канализациона мрежа (Ф=500 мм) со профил на фекален приклучок Ф=150 мм во должина од 5.4 м.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето на атмосферската канализација треба да се изврши на улична атмосферска канализациона мрежа (Ф=400 мм) со профил на фекален приклучок Ф=150 мм во должина од 7.4 м.

За горе наведениот приклучок на атмосферска канализација и по решение за атмосферски приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот дел по тротоар од бекатонска подлога и дел со попречен прекоп на асфалтна подлога(6м) на ул.“Дрезденска“ се до постојна шахта која што се наоѓа на средина на улицата , како и наведениот приклучок на фекална канализација и по решение за фекален приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот дел по тротоар од бекатонска подлога и дел со попречен прекоп на асфалтна подлога(4м) на ул.“Дрезденска“ се до постојна шахта која што се наоѓа на средина на улицата.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на нормирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 35.400,00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во подобрена првобитна состојба. Подлогата по положување на цевките да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до

депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новите приклучоци, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали истиот е квалитетно завршен.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски